повеќе што конкретно во тогашните услови успеал да им го популаризира тоа дело на самите Македонци, за изградување на нивната револуционерна самосвест. Донекаде, таа специфична појава ја забележал визионерски и самиот весник со зборовите:

„Македонецот се стреми кон заветната мисла — слободен живот: ќе умира за својата идеја... Тој ќе ја извојува својата слобода или ќе загине, но нема да остави ни нокт од Турчинот, додека Македонците не се сите во Македонија."[33])

*Т. ТОМОСКИ*

## ЕДЕН ОПИС НА МАКЕДОНИЈА ОД 1905 ГОДИНА
## (Detailbeschreibung von Makedonien, Wien 1905.)

Студијата „Детален опис на Македонија" претставува воено-географски прирачник што бил наменет за командниот кадар на австроунгарската војска. Прирачникот бил печатен како ракопис и содржи многу интересни географско-историски податоци, како и други информации потребни за успешно изведување на воени операции во Македонија. Книгата има 265 страници и 6 прилози. Во самиот текст се внесени: 1 географска скица, 4 табли и 69 слики.

Прирачникот има извонредна вредност за запознавање на нашата земја кон крајот на XIX и почетокот на XX век. Високата вредност на изложениот материјал потекнува од искористените извори, имено — од консултирањето на рекогносцирањата, односно на елаборатите што ги составиле генералштабните офицери, па на извештаите за извршените рекогносцирања, како и на други извештаи од доверливи лица и, најпосле, на соопштувањата од одделни лица што се дадени по повод научните патувања. Освен тоа, авторот користел и нова литература како и современи карти и др.

Книгата содржи уводен дел, 13 наслови означени со римски броеви, опис на патиштата во Македонија, 6 додатоци и регистер на географските имиња.

Под бр. I, под насловот Begrenzung und Grösste des Raumes, станува збор за границите и за големината на Македонија, што зафаќала територија од 52.800 км$^2$ и имала околу 1 800 000 жители. На скицата што е приложена во текстот границите на Македонија се зацртани приближно на оние што ги имала таа во 167 год. пред н. ера Имено, северната граница е повлечена јужно од Велес (во 167 год. пред н. е. таа минела јужно од Катланово), западната граница е означена источно од Преспанското Езеро (во 167 год.

---

[33]) ГМ 4. IV. 1898, 2 (Уводник).

пред н.е. таа се движела помеѓу Охридското и Преспанското Езеро), јужната граница е зацртана јужно од Еласон (во 167 год. пред н.е. била поместена северно од спомнатото место) и источната граница достигала до долниот тек на реката Места (во 167 год. пред н.е. таа се движела покрај бреговите на Егејското Море и источно од спомнатата река).

Под II, под насловот Bodengestaltung, изнесени се орографски податоци, со опис на релјефот, одделно на родопскиот масив, на македонскиот и на албанскиот планински предел. Оваа глава изобилува со информации за планините, котлините и рамниците, па за геолошкиот состав на земјиштето, како и за преодноста на пределот, за шумите, воопшто за растенијата, за населбите и др. Текстот е илустриран со две карти на орографијата, како и на карстот и шумската покривка на Македонија. Кон задната карта се дадени и знаци за преодноста на теренот за сите родови војска.

Под III, под насловот Gewässer, прикажана е хидрографијата на Македонија. Во овој дел од книгата има податоци за морето, за носовите, за заливите, за ветровите што дуваат, за пристаништата и местата за пристанување што се од значење за воените операции, како и за нивните можности за примање воени бродови. Посебно се интересни информациите за реките, бидејќи во нив има податоци за брзината, за широчината, длабочината и водостојот, па за пловноста и предноста на реките, потоа за мостовите, скелите и бродовите (каде се гази реката), за реките како сообраќајници, како и за објектите што се изградени на реките (воденици и стругари). Потоа следува информација за езерата, за квалитетот на езерската вода, за богатството во риби и флората на езерата и др. Кон текстот следуваат 2 карти: патиштата и водите на Македонија со знаци за железнички линии и станици, за патиштата — постојни и во изградба, за водите што се пловни и што пресушуваат преку лето, за поплавните терени, за оризиштата, за мостовите (камени, железни и дрвени), за скелите, бродовите, за места со многу и со добра вода, за трговските пристаништа, како и за места за пристанување на големи и мали кораби, за батериски позиции, за војнички постови и пунктови со добар преглед.

Под IV, под насловот Klimatische und sanitäre Verhältnisse. Trinkwasser, авторот известува за климата, за разликата меѓу дневната и ноќната температура. За илустрирање на информацијата, внесена е во текстот табела со преглед на температурите во Виена, Софија, Солун и Валона, и тоа според географската положба и надморската височина, за месеците јануари, април, јули и октомври.

Во натамошното излагање се дадени податоци за раширеноста на маларијата, за воспалението на дробовите, за главоболието и тифусот, потоа се информира за начинот на чување од спомнативе болести, па за исхраната и начинот на облекување на населението.

Под V, под насловот Gangbarkeit des Raumes, станува збор за преодноста на теренот, и тоа во врска со релјефот, па за пречките на теренот во одделни годишни времиња, во прв ред во врска со климата.

Под VI, под насловот Bevölkerung, изнесени се многу интересни податоци за населението, односно за народностите и религиите во вилаетите Солун, Монастир и во дел од вилаетот Косово. Македонија, во тоа време, имала 1 787 185 жители. Најмногу се регистрирани македонски Словени, и тоа 543 540 христијани (егзархисти, патријаршисти, протестанти и унијати) и 56 750 муслимани. На второ место, според бројот на жителите, се редат османлиите — 4 350 христијани и 445 700 муслимани, потоа се Грците со 295 410 христијани и 14 800 муслимани, па Бугари со 70 360 христијани и 52 250 муслимани, Аромуни со 101 550 христијани и 3 300 муслимани, Албанци со 8 350 христијани и 65 260 муслимани, Евреи со 74 365, Цигани со 42 600 и Черкези со 2 600. Освен нив, регистрирани се и 6 000 калуѓери на Атос. Паѓа в очи дека Бугарите се регистрирани само во источниот дел на Македонија, и тоа во казите Разлог, Неврокоп, Зихна-Драма, Правишта, Кавала и Саришабан.

Кон секоја народност е дадена информација во врска со името, занимањето, религијата и карактеристичните особини. За македонските Словени стои дека не се ни Срби ни Бугари („Sie sind weder Serben noch Bulgaren"). Но нив ги рекламираат како свои соплеменици и Србите и Бугарите. Покрај другото, дадени се податоци и за јазикот и за религиозната припадност на македонските Словени, потоа — за борбата што тие ја воделе против турската власт, како и за настојувањата на соседните земји, односно на Бугарија, Грција, Србија и Романија да ја искористат таа ситуација за проширување на нивните нации и јазици во Македонија. Меѓутоа, во книгата не се согледани сите компоненти што се карактеристични за една нација, посебно за македонската која во тоа време била во процесот на формирање, па затоа авторот се задоволил да го пренесе мислењето на Матеа Мурко за македонските Словени. Имено, Турската Империја била многунационална држава. Македонската нација се развивала во рамките на таа држава, на една заедница со заостанатата економика и социјална структура, како и со неразвиени демократски политички установи. Развојниот процес на македонската нација бил усложнет и од постоењето и од присуството близу до Македонија на државните заедници на соседните балкански народи.

Во информацијата што се дава за секоја народност е забележано за Бугарите дека се разликуваат од македонските Словени по јазикот, кај Аромуните се наспомнува нивното национално движење, кај Албанците се искажани и неколку збора за нивното писмо, а меѓу Циганите се регистрирани номади и заселени Ѓупти. Кратки податоци се дадени и за Грците, Евреите и Левантинците.

Овој дел на книгата е илустриран со многу прегледна и инструктивна карта за: националности и религии во Македонија.

Под бројот VII, под насловот Staatliche Organisation, даден е преглед на политичката организација, на правосудството, на финансиите, на конзуларната служба, на школството и на црковните власти.

Под А — „Политичка организација" читателот се информира за административната поделба, за надлежностите на валијата, за неговите помошни службеници, за идаре меџлиси (советодавно тело во вилаетот) и неговиот состав, за муфтијата и неговата функција, за органите на власта во санџакот, за мутесарифот и неговиот заменик муавин, за меџлисот, за казите како пониски административни единици, за кајмакамот (управникот на казата), за меркез кајмаками, за нахиите, како административни единици што биле управувани од мудири, за идаре ѝ нахије меџлиси и, најпосле, за организацијата на селата, односно за миктаре, за коџабаши и селски одбори.

Од табелите што се дадени во претходната глава се гледа дека територијата на Македонија била зафатена од три вилаети: Солун, Монастир и Косово.

Вилаетот Солун бил поделен на 3 санџаци (Солун, Серес и Драма) и 25 кази. Санџакот Солун имал 13 кази: Солун, Воден, Ениџе Вардар, Аврет Хисар (Кукуш), Гевгелија, Тиквеш, Струмица, Дојран, Верија (Караферија), Лангаца, Касандра и Ајон Орос (Атос). Санџакот Серес бил составен од 8 кази: Серес, Демир Хисар, Петрич, Мелник, Џумаја, Разлог (Мехомија), Неврокоп и Зихна (Зилјахово). Во рамките на санџакот Драма имало 4 кази: Драма, Правишта, Кавала и Саришабан.

Вилаетот Монастир зафаќал во Македонија 3 санџаци и 25 кази: санџакот Монастир со казите Монастир, Прилеп и Флорина, па санџакот Серфиџе со казите Серфиџе (Сервија), Кожани (Козана), Кајалар (Џума), Населич (Анаселица), Гревена и Еласон, како и санџакот Корча со казата Касторија (Кесрје).

Од вилаетот Косово, односно санџакот Косово се регистрирани на македонската територија казите Кочани, Штип, Малеш (Османие) и Радовиш.

Во овој дел од книгата накратко се прикажани калуѓерската заедница на Света Гора, особено бројот на манастирите и калуѓерите, статусот и имотите на манастирите, како и народносната структура на калуѓерите.

Во делот под В — „Организација на судството" се приведени податоци за духовни и цивилни судови, па за апелационен и врховен суд, за конзуларен суд, како и за судиите што обично биле зависни од валијата и од други влијателни лица.

Под С е даден преглед на финансиската служба, поправо на финансиските службеници и, притоа, се регистрирани директорот

на финансиите (дефтердар) и неговиот заменик во санџакот, под назив мухасебеџи, па началникот на финансиите во казата наречен малмудири. Потоа е забележана вакафска дирекција на чело на ефкаф мухасабеџи (во вилаетот) и со мудириет во санџакот. Освен, тоа постоела Управа за државниот долг, како и табакрежи.

Во продолжението на книгата, под D, регистрирани се австро-унгарските конзулати во Солун, Битола, Серес и Кавала.

Во делот под Е поопширно се зборува за школството, за видовите школи и за раководните органи, за образовната цел, поточно — за настојувањето учениците да се напојат со национални идеи и аспирации на странските пропаганди, за отворањето турски училишта како противтежа на бугарските, грчките, српските и романските училишта. Кон овој текст следува табела Schulen-karte, во која е прикажана мрежата од гимназии, нормални и народни училишта со употреба на српски, бугарски, грчки и романски јазик во наставата. Во Битола работеле интерконфесионална школа што била основана од англиското здружение за образование, како и католичка школа во која наставата се изведувала претежно на албански јазик.

Во делот под F авторот известува за црковните органи на власта, одделно за црковните звања кај муслиманите, за дервишите и нивниот живот по текиите, за православните верници и за нивна поделба на патријаршисти и егзархисти, за црковните звања и црковните општини, како и за римокатоличката црква, која во тоа време стоела под протекторатот на Франција.

Под VIII, под насловот Verkehrsmittel, прикажани се сообраќајните средства и, во врска со тоа, под А, дадени се податоци за преодноста на пределот што е орографски многу рашчленет и во кој има природни и изградени патишта. Потоа следува информација за сообраќајот (коњски и колски), за калдрмите и за нивното изградување, за запоставеноста на патиштата по изградувањето на железничка комуникација, за примитивноста на возилата, па воопштени црти и за патиштата што биле релативно употребливи за товарниот сообраќај кога тоа дозволувале временските прилики.

Во истиот наслов, под В, се пишува посебно за патиштата, за видовите патишта и за нивното изградување, за старите и новите патишта и за нивната состојба, за примитивните конструкции на дрвените и за солидноста на камените мостови, за транспортните средства, за коњот како средство што најмногу било во употреба, за носивоста на коњот и за вкупниот број коњи, па за мазгите и магарињата, како и за нивните својства, за седлата и за возилата што се употребувале, за конструкцијата на „арабас“ и нејзината носивост.

Под С следува информација за железниците, поточно за делницата Виничани Градско—Солун, како дел од ориенталната железница, која била државна сопственост потоа се дадени податоци

за трасата, за конструкцијата на пругата, за бројот на локомотивите (за патничките и товарните возови), за бројот на вагоните од разни видови, за персоналот, за сигналните уреди, за ноќното возење, за времетраењето на возењето од Солун до Скопје, за мостовите и тунелите изградени на пругите, како и за квалитетот на изградените објекти, па за должината и бројот на отворите на мостовите, за обезбедувањето на железничките објекти, за железничките станици и придружните објекти, за оддалеченоста меѓу станиците, за приватните железници, како и за пругите Солун—Окчилар, Килиндир—Карасули и Солун—Монастир.

Под D, откако се дадени податоци за пловидбата, регистрирани се 11 предимно странски фирми за одржување на поморските линии.

Под Е станува збор за организацијата на поштите и телеграфот, за заостанатоста на поштенската служба, за постоењето на странски пошти во Солун и Кавала, како и за ескортирањето на поштенските пратки поради јавната несигурност на земјата.

Под IX, под наслов Wohnorte, Unterkunftverhältnisse, Freilager, приведени се под А општи податоци за градовите што биле стеснети, нечисти и обично сместени терасесто од обете страни на река, и кои имале криви, тесни, нечисти, а некаде и скалести улици. Потоа следуваат известувања за градските маала, посебно за маалата на Евреите и на Циганите, па за чаршијата, односно за базарите, за работилниците, за магазите, за продавниците, за чајџиниците, гостилниците, за јавните згради што биле солидно градени, за лошиот изглед на станбените згради, за џамиите и нивното потекло (тие порано биле цркви), за можностите што тие давале за одбрана, како и за школите, касарните, конаците и општинските згради што биле изградени на кат, за изгледот на селата, посебно на македонските Словени, кои само во исклучителни случаи требале да се користат за сместување на поголеми воени единици, за чифлиците што често зафаќале цели населби на земјоделски работници, кои живееле во бедни и нечисти од керпич направени куќички, за чардакот што бил изграден среде чифликот во вид на кула и др. Најпосле се дава опис на попатните ханови што на првиот кат имаат поголеми и помали гостински соби, како и на манастирите што зафаќаат простран и солиден комплекс згради.

Авторот укажува на неповолните прилики за сместување поради религиозните обичаи на муслиманите и поради сиромаштијата на христијаните. За кантонирање се препорачуваат котлините и долините. Места за слободен логор имало доста.

Во продолжение од истата глава, под В, регистрирани се под азбучен ред 69 населби со податоци за бројот на куќите, за занимањето на населението, за гарнизоните, за касарните, за пазарите, за депоите, за јавните згради, за климата, за водата за пиење, за

седиштата на управоите и црковните органи на власта, за конзуларните служби, за поштите и телеграфот, за болниците, за бројот на работниците во Кавала, за разбојниците во Дишката и др.

Под X, под насловот Ressourcen, а под A, во еден општ преглед се зборува за тоа дека е Македонија богата со полски плодови, и добиток, но во планинските предели е сиромашна во извори (ресурси). Кон ова е приложена табела за цереалиите што се произведувале во подрачјето на конзулатите Солун и Монастир во годините 1901, 1902, и 1903. Освен тоа, дадени се и податоци за извозот на тутун од Кавала во 1901 година, како и за состојбата на сточниот фонд (што бил определен за клање) за подрачјето Солун и Монастир во 1902 и 1903 година. Во објаснувањето што се дава во врска со земјоделството се укажува дека е земјата малку обработена поради недоволната заштита на земјоделецот, па, поради штетноста на системот на арендата и самоволието на даночните чеповници. Земјата, во вид на голем земјишен посед, ја држеле главно богати турски, а по исклучок и христијански граѓани, високи функционери, бегови и вакафи. Селаните ја обработувале таа земја во својство на ортакчи или јарици на една година, давајќи притоа половина од жетвениот принос. Самоволието била карактеристична појава при уредувањето на односите меѓу двете странки. Ситните земјовладелци — Турци не работеле повеќе одошто им требало за издршка. Модерниот плуг и друг земјоделски алат се употребувале сосем ретко. Во Солун постоело огледно стопанство, но тоа не постигало задоволителни резултати. Освен тоа, при секој вилаетски центар биле основани земјоделски банки со задача да им даваат на селаните кредит под поволни услови од 6%. Меѓутоа, селаните имале мала корист од неа. Кон овој дел од текстот е придодадена табела со показатели на приносот од земјоделските култури во 35 струмички села во 1902 година.

Во продолжение следуваат податоци за сточарството, што било примитивно, па за шумарството и за видовите шумски растенија и, најпосле, за рударството — неразвиено и покрај богатството од руди.

Многу се интересни податоците што авторот ги дава за ресурсите одделно за секој од спомнатите вилаети, укажувајќи притоа дека е Меглен најплоден предел во Македонија со наводнувана и добро обработена земја, дека долината на Вардар, низводно од Градец е богата со ресурси, дека долината на Струма е плодна, но слабо обработена, дека се многу плодни котлините на Серес и Струмица, а на Драма богата со ресурси. Меѓутоа, во вилаетот Монастир состојбата била подруга, имено — земјоделството било во опаѓање поради несредените политички односи (поради отсуството на голем број луѓе, недостигала работна рака) и поради уништувањето на шумите (пороите правеле голема пустош). Во врска со осиромашувањето на населението и јавната несигурност,

бил намален добиточниот фонд. Во текстот е внесена табела за приносот на земјоделските култури во вилаетот Монастир во 1901—1903 година, па и за годините 1893 и 1897.

Во посебен дел авторот пишува за хранителните продукти (Nahrungsmittel) со забелешка дека превладуваат пченицата, пченката и 'ржта. Но пченката била најважен хранителен продукт, додека компирот бил незначајна култура. Кон ова следуваат и податоци за вегетационата граница на пченката, како и за регионите каде што се произведувал оризот и успевала најквалитетна пченица.

Потоа станува збор за овоштарството, кое било слабо развиено и за зеленчукот — култивиран во близината на големите градови. Кон ова се дадени податоци за лошиот квалитет на брашното, за разните видови млинови, за лебот, за фурните и нивниот капацитет.

Зборувајќи за сточарството, авторот укажува дека говедото служи за работа (а се коле она што не е за работа), дека телињата речиси и не се колат, дека кравјето млеко слабо се консумира и дека овчарството опаѓа поради болеста на овците и ниската цена на волната. Во врска со тоа, Власите го продавале добитокот и се зафаќале со земјоделска работа. Козите се чувале во малу плодните планински предели. Потоа е дадена информација за одгледување свињи и живина, за рибарството и за начинот на рибарење по морето и езерата, па и за консумирањето на рибата.

Од пијалоците се наведуваат водата за пиење, виното и пивото. Лозарството, во врска со поволните услови, било многу раширено. Продукцијата на вино ја покривала консумацијата, меѓутоа подобрите вина се внесувале од другаде.

Потоа станува збор за вадењето на солта во Тузла, во близината на Солун и покрај устието на Струма. Солта имала слаб квалитет и нечист изглед. За тутунот е кажано дека многу се обработува.

Дадена е кратка информација и за сточната крма, за градежниот материјал, односно за градежното дрво, за каменот, за тулите и туланите, потоа — за облеката, односно за ленот, памукот и волната, за преработката на волната, за модерните предилници во Солун, Монастир, Дихово и за малите предилници во Трново и Магарево, за производството на шајак (фина аба) во Монастир, Воден, Сервија, Бер и Науста, за изработката на јамболии во Науста, Бер, Воден, Монастир, Магарево, Маловишта, Трново и Крушево, потоа — за плетење чорапи и калчуни (ракавици без прсти), за ткаење килими во Монастир, Воден, Науста, Неврокоп, Серес, Верија и Касандра, па и за произведување на покривки за коњи, на груби ќебиња и вреќи од козина, речиси во сите места на Македонија и, најпосле, за кожи и крзно.

Во неколку реда е напишано за огревниот материјал, односно за јагленот и за наоѓалиштата на јаглен, па и за тресетот и за лежиштата на тресет во Сариѓол (кај Екши-су), по бреговите на Црна и кај Владова.

На крајот од споменатиов дел се изнесени податоци за индустријата и трговијата, за квантитетот и за слабиот квалитет на индустриските артикли, за физиономијата на индустриските објекти, за домашната разработка, за разни занаети како и за трговијата што имала главно локален карактер.

Под XI, под наслов Befestigungen, даден е опис на старите тврдини: Платамон, Кавала, Верија, како и на тврдините изградени по должината на границите. Овој дел од текстот е илустриран со карта Verkehrsmittel und Befestigungen со вцртани податоци за мрежата на железничкиот, патниот, поштенскиот и телеграфскиот сообраќај, за капацитетот на железниците, за видовите колосеци, за пумпните станици, за патиштата во изградба, за главната дирекција на телеграфот, за меѓународните директни телеграфски линии, за внатрешниот телеграфски сообраќај и за телеграфските станици, потоа за поштите и за австриската поштенска служба, за турската пошта, за царинската служба, најпосле за старите градски тврдини, за батерии, карауЛи и други воени постови.

Под XII, под насловот Saloniki mit Umgebung, посебно се зборува за Солун и околијата, односно за конфигурацијата, за облиците на теренот, за водите, за климатските и санитарните односи, за градските водоводи, за бројот и народносниот состав на населението, за административните службеници, за јавните згради и осветлувањето на градот, за банките, за увозот и извозот, за различните работилници и индустриски објекти, за сообраќајните средства и за тврдината.

Под XIII, под наслов Militarische Wurdigung, се прикажува и оценува географско-политичката положба на Македонија во рамките на Турската Империја, потоа се покажани правците за воено навлегување во Македонија, па станува збор и за македонските Словени што би можеле да го олеснат тоа навлегување и за евентуалниот отпор што би го укажале македонските Словени на евентуалниот окупатор. Притоа, се подвлекува значењето на Серес за Источна Македонија и на Битола за Западна Македонија, како и стратегиското значење на линијата Солун—Серес—Гевгелија и, најпосле, се зборува за родопскиот масив што давал услови за востаничка борба, како и за начинот на војување во земја што е богата со планини, котлини и долини.

Најголемиот дел од книгата содржи опис на патиштата. Регистрирани се 14 патишта и уште 6 патишта како главни, а кон нив се забележани и повеќе споредни патишта.

Книгата има и три прилози од воеисториските настани на Македонија, и тоа за походот на Александар Велики во 335 година, потоа за раздробувањето на Самоиловото царство од страна

на византискиот цар Василиј II, како и за Турско-грчката војна од 1897 година. Кон ова се приложени и прегледни карти за илустрирање на воените настани.

„Деталниот опис на Македонија“ претставува студија со многу богати и корисни податоци, што може да послужи за подобро запознавање на нашата земја, како и за согледување на изминатиот пат во нашиот развиток. Книгата изобилува со многу илустрации на разни предели и објекти, како и со многубројни топоними, посебно турски, што ја зголемува вредноста на книгата.

*Н. ВЕЛЈАНОВСКИ*

## СКОПСКИТЕ УЧИЛИШТА ВО ПРВИТЕ ГОДИНИ ПО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

(Осврт врз некои документи од Скопската егзархиска митрополија)

Илинденското востание оставило крупен белег и врз просветната политика и дејност на Отоманската Империја и на другите соседни земји. Особено е за одбележување пропагандната дејност на соседните земји во Македонија. Согледувајќи ја нововонастанатата положба по Илинденското востание, тие настојувале на најразновидни начини да го прошират своето пропагандно влијание врз македонското население. Отворањето нови училишта и обновувањето и засилувањето на веќе постојните, во кои требало да се учи на јазикот на соодветната пропаганда, секако било најпогодна и дотогаш веќе испробана форма.

Во овој поглед бугарската Егзархија заземала видно место и, може да се рече, имала првостепена улога во спроведувањето на бугарската пропаганда во Македонија. Ова се гледа од големиот број егзархиски училишта што постоеле во Македонија. Бројот егзархиски училишта постојано се зголемувал. Тие биле доста разновидни. Постоеле основни, средни, средно-стручни и други егзархиски училишта во кои наставата се изведувала исклучително на бугарски јазик. Меѓу егзархиските училишта едни од најбројните биле скопските училишта.

На Егзархијата, како главен носител на бугарската просветна пропаганда во Македонија, не ѝ одело во прилог отворањето училишта на другите пропаганди, па поради тоа настојувала да го оневозможува нивното работење. Но, и покрај тоа, во Македонија се отворале и работеле училишта и од другите пропаганди. Поради својот интерес, бугарската Егзархија го евидентирала и постоењето на училишта на другите соседни пропаганди што дејствувале во Македонија. Забележено е дека по Илинденското востание е нараснат бројот на неегзархиските пропагандни училишта, а освен